# ПОЛИТИКА
## ЗА ЗАБРАНА НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕТСКИОТ ТРУД И НА МЛАДИТЕ ЛИЦА

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА
## ЗА ЗАБРАНА НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕТСКИОТ ТРУД И НА МЛАДИТЕ ЛИЦА

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, на предлог на Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, а во согласност со член 203 и со член 204 од Статутот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на 26.4.2024 година, ја донесе следната

# ПОЛИТИКА ЗА ЗАБРАНА НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕТСКИОТ ТРУД И НА МЛАДИТЕ ЛИЦА[1]

## Вовед

Ние, АЛКАЛОИД АД Скопје, сме посветени на елиминирање на детскиот труд и на почитување на меѓународно признатите човекови права и стандарди за труд во нашето работење и низ нашиот синџир на снабдување. Нашата посветеност на правата на децата е водена од водечките принципи за бизнис и за човекови права на Обединетите нации, од основните конвенции и програми на Меѓународната организација на трудот (МОТ) и од другите меѓународни стандарди.

АЛКАЛОИД нема да толерира злоупотреба на детскиот труд и експлоатација на млади лица во кои било од своите глобални операции и капацитети.

Покрај тоа што се сметаме самите себе и нашите вработени за одговорни за оваа обврска, очекуваме партнерите, добавувачите и изведувачите безусловно да ги следат нашите принципи.

Во смисла на оваа Политика, а во согласност со Меѓународната организација на трудот (МОТ), под злоупотреба на детскиот труд се подразбира оној труд кој ментално, психички, социјално и морално е штетен за детето и кој влијае врз образовниот процес на детето на тој начин што го оневозможува одењето на училиште, го обврзува детето да го напушти училиштето пред време или го принудува детето да го посетува училиштето под многу тешки околности, вклучувајќи најлоши можни форми на детски труд.

Оваа политика се заснова на домашното законодавство, како и на фундаменталните конвенции на Меѓународната организација на трудот (МОТ): Конвенцијата за минимална возраст при вработување (бр. 138) и Конвенцијата за најлошите форми на детски труд (бр. 182)

## Цели на Политиката

Нашите цели за забрана на злоупотребата на детскиот труд и на младите лица се засноваат на конвенциите на Меѓународната организација на трудот (МОТ) и на националните закони кои ја потврдуваат континуираната посветеност на компанијата да го забрани вработувањето на оние на возраст под 15 години во рамките на нашето работење.

АЛКАЛОИД ја развива оваа политика за забрана на злоупотребата на детскиот труд и на младите лица како израз на сопствената посветеност за забрана на злоупотребата на детскиот труд, но и на очекувањата што ги имаме и од нашите добавувачи, деловни партнери и соработници да имаат и да почитуваат слични стандарди и да ги почитуваат позитивните законски прописи за заштита на детскиот труд. Доколку дојде до прекршување на принципите содржани во оваа Политика и доколку тоа не биде санирано, ќе се преземат сериозни мерки, вклучително и прекинување на деловниот однос.

## Нашиот пристап

АЛКАЛОИД не одобрува незаконско вработување или експлоатација на деца и на млади лица на неговите работни места. Ги почитуваме сите национални закони за минималната возраст на вработување, како што е предвидено со Конвенцијата за минимална возраст при вработување (бр. 138) на МОТ. Забрануваме ангажирање лица кои се на возраст под 18 години за позиции за кои е потребна опасна работа, како што е предвидено со Конвенцијата за најлошите форми на детски труд (бр. 182) на МОТ.

Во рамките на АЛКАЛОИД, при регрутација и при селекција за вработување или за ангажирање работен кадар, ќе се води сметка за возраста на кандидатите, во смисла на целосна усогласеност со оваа политика.

АЛКАЛОИД, во согласност со оваа Политика, забранува вработување дете под 15 години.

Во принцип, АЛКАЛОИД не вработува и не ангажира лица на возраст од 15 до 18 години, а доколку, под определени околности и во согласност со важечките законски прописи, АЛКАЛОИД вработи или ангажира младо лице на возраст од 15 до 18 години, гарантира дека:

- младото лице нема биде распоредено на опасни работни задачи, кои штетно ќе влијаат врз неговото здравје и безбедност и врз неговиот психофизички и морален интегритет;
- нема негативно и штетно да влијае врз перспективите за неговото образование и за развојот во иднина и ќе му се овозможи да присуствува на наставата и да има квалитетно образование;
- нема да биде распоредено на ноќна работа;
- ќе се почитуваат и другите законски прописи за заштита на детскиот труд, вклучувајќи ги и оние законски прописи и внатрешни акти поврзани со платите, бенефициите, со работните часови, прекувремената работа и со условите за работа.

АЛКАЛОИД, преку својот Код на добавувачи, принципите од оваа политика им ги пренесува и на своите добавувачи на начин на кој им наметнува обврска да се однесуваат и да го водат своето деловно работење во согласност со позитивните законски прописи за заштита на детскиот труд.

## Корективни мерки

Доколку во АЛКАЛОИД се затекне дете под 15 години или младо лице на возраст од 15 до 18 години кое не е вработено лице, а кое е ангажирано за работни процеси во АЛКАЛОИД, веднаш ќе се преземат мерки за обезбедување соодветна поддршка за детето работник и за заштита на најдобрите интереси на детето.

За откривањето на детето работник или на младото лице веднаш мора да се известат линискиот менаџер или менаџерите од втора линија од соодветното одделение, Службата за човечки ресурси, како и родителите или старателите на детето.

Детето работник мора веднаш да се отстрани од работното место.

Доколку се затекне младо лице, тоа мора веднаш да биде отстрането од задачите кои се сметаат за опасни, небезбедни или нездрави за оние под 18 години (т. е. тешки товари, ноќна работа, тешки машини).

Покрај преземањето мерки за обезбедување поддршка и заштита на детето, мора да се идентификуваат и недостатоците кои настанале при ангажирањето на детето и да се спроведе корективен акциски план за надминување на настанатиот пропуст, кој вклучува и обука за правата на децата и за мерките за заштита на детскиот труд.

## Механизми за пријавување

АЛКАЛОИД ги охрабрува своите вработени и сите засегнати лица, доколку имаат прашања за применувањето на оваа Политика или доколку имаат сознание за нејзино прекршување, да пријават до:

1. линискиот менаџер;
2. втората линија на менаџментот;
3. платформата AlkaSpeakUp, поставена на интернет-страницата на АЛКАЛОИД (www.alkaloid.com.mk), која дава можност за анонимно пријавување;
4. офицерот за корпоративна усогласеност (complianceofficer@alkaloid.com.mk или на телефонскиот број +38972918245).

Постапката за повреда на принципите за забрана на злоупотребата на детскиот труд и на младите лица се води според однапред утврдени правила и по спроведена истрага од надлежните тела во компанијата, а утврдените повреди на принципите за забрана на злоупотребата на детскиот труд и на младите лица се санкционираат од АЛКАЛОИД во согласност со Кодот за етичко и деловно однесување и со релевантните внатрешни акти на компанијата.

АЛКАЛОИД цврсто се заложува и го застапува принципот за забрана на реваншизмот (*non-retribution* и *non-retaliation*), кој е превиден со Кодот за етичко и деловно однесување и со другите внатрешни акти на компанијата. Имено, секој оној кој ќе пријави повреда на оваа политика нема да трпи никакви негативни последици врз својот статус на вработување или врз другите загарантирани права и привилегии доколку ја пријавил повредата со добра намера.

## Примена на политиката

Оваа Политика се применува во сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД во државата и во странство.

---

[1] Оваа верзија на Политика на забрана на злоупотребата на детскиот труд и на младите лица на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истата. Официјалната верзија на Политиката се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ